Основен суд Охрид
Ул. "Македонски Просветители" бб
Тел. 046/261-156
Фах. 046/262-138

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД
## ВО 2015 ГОДИНА

## В О В Е Д

Основниот суд Охрид, како самостоен и независен државен орган ја извршува судската власт врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, ја обезбедува примената на правото и заштитата на човековите слободи и права, правната сигурност и создавањето на услови да секој граѓанин ги ужива човековите права и слободи на територијата на општините Охрид и Дебарца.

Во текот на извештајниот период контролата за превземените дејствија се вршела и на седниците на судиите и одделите каде се разгледувале резултатите на судот и судиите, по однос на квантитетот и квалитетот, бројот и видот на решени предмети, нерешени предмети, старите нерешени предмети и приливот на нови предмети.

За што пореален приказ на вкупните резултати, во Извештајот дадени се согледувања на резултатите на секој судија при извршувањето на надлежностите преку показатели за тековниот прилив на нови предмети, вкупниот обем на работа со приказ на заостатокот од нерешени предмети на почетокот на годината, остварената ажурност и ефикасност преку бројот на решените предмети и бројот на нерешените предмети на крајот на годината.

Резултатите на секој судија согледани се преку вкупниот број на решени предмети, видот на предмети по кои судијата постапувал, остварените резултати, квалитетот при одлучувањето, кој е согледан преку вкупниот број на донесените одлуки, бројот на обжалените одлуки и показателите за потврдени, укинати и преправени одлуки.

Основниот суд Охрид, настојуваше со постоечките кадровски и материјални капацитети да го реши приливот на предмети и да ја оствари функцијата утврдена со Уставот и законот за судовите, со доследна примена на законските прописи и воедначување на судската практика.

# Годишен извештај

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ЦЕЛА 2015 ГОД.

| ОСНОВЕН СУД ОХРИД | | Нерешени предмети на почеток на месецот | Новопримен и предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмет | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Определени дејствија во претходна постака | 2 | 377 | | 379 | 377 | 2 |
| | Оцена на обвинителен акт во кривично | 13 | 15 | | 28 | 26 | 2 |
| | Разни кривични предмети | 81 | 2816 | 1 | 2896 | 2816 | 80 |
| | Предмети за кривични полнолетни | 343 | 402 | | 745 | 494 | 251 |
| | Кривични малолетни | 6 | 9 | | 15 | 6 | 9 |
| | Замолници во кривична област | 2 | 48 | | 50 | 46 | 4 |
| | Кривичен совет ( во претходна постака ) | 23 | 460 | | 483 | 449 | 34 |
| | **Прекршочни предмети** | 1592 | 1960 | 7 | 3545 | 2266 | 1279 |
| | Разни прекршочни предмети | 14 | 397 | | 411 | 404 | 7 |
| | Извршување на прекршочни глоби, трош.ипаушал | 977 | 2430 | | 3407 | 1441 | 1966 |
| | Условен отпуст и прекин на казна | 1 | | | 1 | 1 | |
| | КУИКП | 71 | 84 | | 155 | 104 | 51 |
| | Извршување на одземен имот и предмети | 20 | 122 | | 142 | 116 | 26 |
| | Извршување на кривични глоби , трошоци | 244 | 252 | | 496 | 107 | 389 |
| | Изврш. на крив. и прекрш. санкции и алтерн. | 292 | 1490 | | 1782 | 1580 | 202 |
| | Прекин на издржување казна | | 5 | | 5 | 5 | |
| | Кривичен совет за прекроци | | 7 | | 7 | 6 | 1 |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | **3681** | **10874** | **8** | **14547** | **10244** | **4303** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Парнични мала вредност | 185 | 302 | | 487 | 296 | 191 |
| | Имотни спорови - проширена надлежност | 383 | 407 | | 790 | 457 | 333 |
| | Семејни спорови | 54 | 122 | | 176 | 111 | 65 |
| | Облигациони спорови | 240 | 250 | | 490 | 234 | 256 |
| | Работни спорови | 176 | 279 | | 455 | 344 | 111 |
| | Трговски спорови | 31 | 64 | | 95 | 64 | 31 |
| | Платни налози | | | | | | |
| | Платни налози по приговор | 285 | 516 | | 801 | 509 | 292 |
| | Повторување во парница | | | | | | |
| | Стечај | 120 | 106 | | 226 | 180 | 46 |
| | Ликвидација | | | | | | |
| | П.П.Н.И. | 11 | 454 | | 465 | 457 | 8 |
| | Разни граѓански предмети 'Р' | | | | | | |
| | ЗАВ | 15 | 998 | | 1013 | 1006 | 7 |
| | Против извршување | 3 | 7 | | 10 | 6 | 4 |
| | Оставина по приговор | 15 | 34 | 1 | 48 | 37 | 11 |
| | Замолници | 6 | 13 | | 19 | 16 | 3 |
| | Разни ВПП | 121 | 325 | | 446 | 385 | 61 |
| | Оставина | 15 | 948 | | 963 | 954 | 9 |
| | Одземање деловна способност | | | | | | |
| | Физичка делба | 56 | 74 | | 130 | 76 | 54 |
| | ВПП | 283 | 569 | | 852 | 602 | 250 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | **1999** | **5468** | **1** | **7466** | **5734** | **1732** |
| **Предмети од судска управа** | | 12 | 687 | | 699 | 658 | 41 |
| **Доверливи предмети во судска управа** | | | 5 | | 5 | 5 | |
| **Евиденција на претставки и поплаки** | | | 2 | | 2 | 2 | |
| **СЕ ВКУПНО** | | **5692** | **17036** | **9** | **22719** | **16643** | **6076** |

# 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

## -ОБЕМ НА РАБОТА

## -ПРИЛИВ НА НОВИ ПРЕДМЕТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОСТАТОКОТ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Во горната табела е прикажан сумарниот преглед кој се однесува на редовно примените предмети, заедно со повторно заведените предмети.

Од претходната 2014 година, во Основниот суд Охрид, од сите видови предмети останале нерешени 5.692 предмети. Во текот на 2015 година, примени се вкупно 17.036 нови предмети. Вкупно во работа до 31.12.2015 година, биле 22.719 предмети, од нив во текот на 2015 година решени се 16.643 предмети, а нерешени останале 6.076 предмети погрешно заведени се вкупно 9 предмети.



**Годишен извештај**

# *Структура на предметите:*

*На 01.01.2015 година, вкупно нерешените 5.692 предмети ја имаат следната структура:*




*Новопримените предмети во текот на 2015 година, ја имаат следната структура:*



**Годишен извештај**

*Решените 16.643 предмети, во текот на 2015 година, ја имаат следната структура:*




*Структурата на нерешените 6.076 предмети е следна:*



## АЖУРНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

По видови на предмети состојбата во Основниот суд Охрид е следна:

### - КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:

#### Кривични предмети против полнолетни лица

Во почетокот на 2015 година, во овој оддел како нерешени од претходната година беа пренесени 343 предмети, во текот на 2015 година примени се 402 нови предмети, вкупно во работа во 2015 година биле 745 предмети, од кои во текот на 2015 година решени се 494 предмети, а нерешени останале 251 предмети.




#### Кривични предмети против малолетни лица во текот на 2015 година

Во извештајниот период, од овој вид предмети вкупно во работа биле 15 предмети, од кои новопримени се 9 предмети, а остаток од претходната година се 6 предмети, решени во текот на 2015 година се 6 предмети, а нерешени останале 9 предмети.



**- Оцена на обвинителен акт**

Од претходната година во 2015 година , како нерешени, пренесени се 13 предмети , примени во извештајната година се 15 предмети, вкупно во работа биле 28, решени се 26 предмети, а нерешени останале 2 предмети за оцена на обвинителен акт




**- Определени дејствија во претходна постапка**

Од претходната година во 2015 година , како нерешени, пренесени се 2 предмети , примени во извештајната година се 377 предмети, вкупно во работа биле 379, решени се 377 предмети, а нерешени останале 2 предмети од определени дејствија во претходна постапка.




**-Прекршочни предмети**

Во извештајната година прекршочни предмети вкупно во работа биле 3.545 , од кои новопримени се 1.960, а остаток од претходната година 1.592 предмети, во текот на 2015 година решени се 2.266, а останале нерешени 1.279 предмети.



## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

### -Спорови од мала вредност

Во извештајната година вкупно во работа биле 487 предмети, од кои новопримени се 302 предмети, а нерешени од претходната година се 185 предмети, во текот на 2015 година решени се 296, а останале за решавање 191 предмети.




### -Имотни спорови

Во извештајната година вкупно во работа биле 790 предмети, од кои новопримени се 407 предмети, а нерешени од претходната година се 383 предмети, во текот на 2015 година решени се 457, а останале за решавање 333 предмети.




### -Семејни спорови

Во извештајната 2015 година вкупно во работа биле 176 предмети, од кои новопримени се 122 предмети, а нерешени од претходната година се 54 предмети, во текот на 2015 година решени се 111, а останале за решавање 65 предмети.



**- Облигациони спорови**

Во извештајната година вкупно во работа биле 490 предмети, од кои новопримени се 250 предмети, а нерешени од претходната година се 240 предмети, во текот на 2015 година решени се 234 предмети, а останале за решавање 256 предмети.




**-Работни спорови**

Во извештајната година вкупно во работа биле 455 предмети, од кои новопримени се 279 предмети, а нерешени од претходната година се 176 предмети, во текот на 2015 година решени се 344, а останале за решавање 111 предмети.




**-Трговски спорови**

Во извештајната година вкупно во работа биле 95 предмети, од кои новопримени се 64 предмети, а нерешени од претходната година се 31 предмети, во текот на 2015 година решени се 64, а останале за решавање 31 предмети.



**-Стечајни предмети**

Во почетокот на 2015 година, во овој оддел како нерешени од претходната година беа пренесени 1120 предмети, новопримени се 106 предмети, вкупно во работа во 2015 година биле 226 предмет , од кои во 2015 година се решени 180 предмети, а нерешени останале 46 предмети.




# Вонпроцесни предмети

**-Физичка делба**

Од 2014 година нерешени останати се 56 предмети за физичка делба, новопримени се 74 предмети, вкупно во работа во текот на 2015 година биле 130 предмети, од кои решени се 76 предмети, а нерешени останале 54 предмети.




**-Вон парнични предмети ВПП**

Од 2014 година нерешени останати се 283 предмети, новопримени се 569 предмети, вкупно во работа во текот на 2015 година биле 852 предмети, од кои решени се 602 предмети, а нерешени останале 250 предмети.



**-Разни ВПП предмети**

Од 2014 година префрлени се 121 нерешени предмети, новопримени се 325 предмети, вкупно во работа во текот на 2015 година биле 446 предмети, од кои решени се 385 предмети, а нерешени останале 61 предмети.




**-Оставински предмети**

Од 2014 година, нерешени останати се 15 предмети, новопримени се 948 предмети, вкупно во работа во текот на 2015 година биле 963 оставински предмети, од кои решени се 954 предмети, а нерешени останале 9 предмети.




**-ППНИ предмети**

Од 2014 година, нерешени останати се 11 предмети во текот на 2015 година новопримени се 454 предмети, вкупно во работа се 465 предмети, од кои во 2015 година се решени 457 предмети, а нерешени останале 8 предмети.



**-Платни налози по приговор**

Од 2014 година, нерешени останати се 285 предмети, новопримени се 516 предмети, вкупно во работа во текот на 2015 година биле 801 предмети, од кои решени се 509 предмети, а нерешени останале 292 предмети.




## СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:

Во Основниот суд Охрид има вкупно 432 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година, од кои:

-спорови од мала вредност 12 предмети,
-имотни спорови 76,
-трговски спорови 3,
-стечајни 6 ,
-кривични према полнолетни 63 предмети,
-прекршочни 179 ,
-ВПП предмети 21,
-оставински по приговор 5,
-платни налози по приговор 20,
-КУИКП 14,
-ИКС 2,
-КС 2,
-Работни спорови 4,
-Облигациони спорови 23,
-Семејни спорови 1,
-Кривични малолетни 1,

По години структурата на стари нерешени предмети е следна: од 2006 год. 1, од 2007 год. 3, од 2008 год. 6, од 2009 год. 8 , од 2010 год. 12 , од 2011 год. 33 и од 2012 год. 63 и од 2013 год. 306 стари нерешени предмети.




*-По судии состојбата со стари нерешени предмети заклучно со 2013 година е следна:*

Судијата **Богоја Стрезоски** вкупно има 12 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2009 год 1, од 2010 год. 1, од 2011 год. 1 , од 2012 год.2 и од 2013 година има 7 предмети.

Судијата **Ирена Петреска** вкупно има 6 стари нерешени предмети од 2013 год .

Судијата **Трајче Скрчески** вкупно има 30 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2006 год. 1, од 2007 год. 2, од 2008 год. 2, од 2010 год. 2 од 2011 год. 2 , од 2012 год. 2 и од 2013 година има 19 предмети.

Судијата **Радица Ристеска** вкупно има 16 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2009 год. 1, од 2010 год. 2, од 2011 год. 1 , од 2012 год. 2 и од 2013 година има 10 предмети.

Судијата **Ристо Силјаноски** вкупно има 70 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2008 год. 1, од 2009 год. 2, од 2011 год. 3 , од 2012 год. 6 и од 2013 година има 58 предмети.

Судијата **Снежана Јаневска** вкупно има 9 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2011 год. 1 , од 2012 год. 2 и од 2013 година има 6 предмети.

Судијата **Владо Дејаноски** вкупно има 6 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2008 год. 1, од 2012 год. 1 и од 2013 година има 4 предмети.

Судијата **Владо Крлески** вкупно има 12 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2010 год. 1, од 2011 год. 1, од 2012 год. 2 и од 2013 година има 8 предмети.

Судијата **Весна Кичеец** вкупно има 18 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2009 год. 1, од 2010 год. 1, од 2011 год. 5, од 2012 год. 2 и од 2013 година има 9 предмети.

Судијата **Зумбуле Даути** вкупно има 50 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2011 год. 1, од 2012 год. 10 и од 2013 година има 39 предмети.

Судијата **Блашка Радиноска** вкупно има 3 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа од 2013 год.

Судијата **Јагода Трпеска** вкупно има 31 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2011 год. 6, од 2012 год. 6 и од 2013 год. 19 предмети.

Судијата **Вулнет Винца** вкупно има 21 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2007 год. 1, од 2009 год.1, од 2010 год. 2, од 2011 год. 2, од 2012 год. 2 и од 2013 година има 13 предмети.

Судијата **Бојан Мартиноски** вкупно има 44 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: од 2008 год. 1, од 2009 год. 2, од 2010 год. 2, од 2011 год. 5, од 2012 год. 14 и од 2013 год. има 20 предмети.

Судијата **Милка Танеска** вкупно има 100 стари нерешени предмети заклучно со 2013 година и тоа: 2008 год. 1, од 2010 год.1, од 2011 год. 5, од 2012 год. 12 и од 2013 год. 81 предмети.

Судијата **Билјана Белеска Пројкоска** вкупно има 1 стар нерешен предмет од 2013 год .

Судијата **Ефтим Попески** вкупно има 2 стари нерешени предмети од 2013 год .

## КВАЛИТЕТ:

### -ПРЕГЛЕД ЗА КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДИИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА ВО ГРАЃАНСКОТ ОДДЕЛ

По однос на критериумот за оценка на квалитетот согласно односот меѓу бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки во однос на вкупниот број на решени предмети во граѓанскиот оддел е следниот:

Судијата **Владо Крлески** има вкупно 397 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 64 предмети, укинати се 25 , делумно укинати се 2 предмети, а преиначени се 3 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 6,2% укинати предмети, 0,5% делумно укинати, 0,7% преиначени предмети, што значи дека останатите 92,6% се потврдени.

Судијата **Вулнет Винца** има вкупно 768 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 31 предмети, укинати се 40 , делумно укинати се 5 предмети, а преиначен е 1 предмет како и 1 отфрлен. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 5,2% на укинати предмети, 0,6% делумно укинати, 0,1% преиначени предмети, што значи дека останатите 94% се потврдени.

Судијата **Трајче Скрчески** има вкупно 391 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 78 предмети, укинати се 45 , делумно укинати се 7 предмети, преиначени се 17 предмети и 1 птедмет е отфрлен. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 11,5% на укинати предмети, 1.8% делумно укинати, 4,3% преиначени предмети, што значи дека останатите 82.2% се потврдени.

Судијата **Богоја Стрезоски** има вкупно 314 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 68 предмети, укинати се 15 , делумно укинат се 2 предмети, а преиначени се 7 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 4,8% на укинати предмети, 0,6% делумно укинати, 2,2% преиначени предмети што значи дека останатите 92,4% се потврдени.

Судијата **Владо Дејаноски** има вкупно 276 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 52 предмети, укинати се 31 , делумно укинати се 2 предмети, а преиначени се 13 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 11,2% на укинати предмети, 0,7% делумно укинати, 4,7% преиначени предмети, што значи дека останатите 83,4% се потврдени.

Судијата **Ристо Силјаноски** има вкупно 269 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 35 предмети, укинати се 20 , делумно укинати се 3 предмети, а преиначени се 8 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 7,4% на укинати предмети, 1,1% делумно укинати, 2,9% преиначени предмети што значи дека останатите 88,6% се потврдени.

Судијата **Ирена Петреска** за 4 месеци, бидејќи беше на боледување, има вкупно 106 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 44 предмети, укинати се 11 , делумно укинат е 2 предмет, а преиначени се 4 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 10,4% на укинати предмети, 1,9% делумно укинати, 3,8% преиначени предмети што значи дека останатите 83,9% се потврдени.

Судијата **Снежана Јаневска** има вкупно 637 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 68 предмети, укинати се 26 , делумно укинати се 1 предмет, а преиначени се 7 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 4.1% на укинати предмети, 0.1% делумно укинати, 1.1% преиначени предмети што значи дека останатите 94.5% се потврдени.

Судијата **Ефтим Попески** има вкупно 243 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 38 предмети, укинати се 17 , преиначени се 3 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 7% на укинати предмети, 1,2% преиначени предмети, што значи дека останатите 91,8% се потврдени.

**-ПРЕГЛЕД ЗА КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДИИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА ВО КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ**

По однос на критериумот за оценка на квалитетот согласно односот меѓу бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки во однос на вкупниот број на решени предмети во кривичниот оддел е следниот:

Судијата **Радица Ристеска** има вкупно 177 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 37 предмети, укинати се 13 , делумно укинати се 2 предмет, преиначени се 10 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 7,3% на укинати предмети, 1,1% делумно укинати, 5,6% преиначени предмети што значи дека останатите 86% се потврдени.

Судијата **Бојан Мартиноски** има вкупно 2563 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 37 предмети, укинати се 27 , преиначени се 3 предмети, а отфрлен е 1 предмет. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 1,1% на укинати предмети, 0,1% преиначени предмети што значи дека останатите 98,7% се потврдени.

Судијата **Весна Кичеец** има вкупно 1801 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 43 предмети, укинати се 18 , преиначени се 10 предмети . Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 1% на укинати предмети, 0,5% преиначени предмети што значи дека останатите 98,5% се потврдени.

Судијата **Билјана Белевска Пројковска** има вкупно 1012 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 13 предмети, укинати се 2 , преиначени се 3 предмети и 1 отфрлен предмет Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 0,2% на укинати предмети, 0,3% преиначени предмети што значи дека останатите 99,5% се потврдени.

**-ПРЕГЛЕД НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРЕКРШОЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ПРЕКРШОЧНИОТ ОДДЕЛ ЗА 2015 ГОДИНА**

Квалитетот на решените предмети во прекршочниот оддел е следниот:

Судијата **Јагода Трпеска** има вкупно 1053 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 134 предмети, укинати се 53 , делумно укинаи се 2 предмети, а преиначени се 18 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 5% на укинати предмети, 0.1% делумно укинати, 1,7% преиначени предмети што значи дека останатите 93,4% се потврдени.

Судијата **Зумбуле Даути** има вкупно 900 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 75 предмети, укинати се 137 , преиначени се 17 предмети и 1 делумно укинат. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 15,2% на укинати предмети, 1,9% преиначени предмети и 0,1% делумно укинати предмети, што значи дека останатите 82,8% се потврдени.

Судијата **Милка Танеска** има вкупно 1004 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 20 предмети, укинати се 10. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 1% на укинати предмети, 0,6% преиначени предмети што значи дека останатите 98,4% се потврдени.

## - Квалитет на предмети на ниво на суд:

| Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16643 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | 15875 | 95,48 | 527 | 3,2 | 192 | 1,1 | 34 | 0,2 | 13 | 0,01 | 2 | 0,01 |

**-Кривичен оддел**

| Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10244 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | 9883 | 96,57 | 273 | 2,7 | 73 | 0,7 | 5 | 0,01 | 8 | 0,01 | 2 | 0,01 |

**-Граѓански оддел**

| Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5734 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | 5327 | 92,9 | 254 | 4,4 | 119 | 2,1 | 29 | 0,5 | 5 | 0,1 | | |

**АНГАЖИРАЊЕ НА СУДИИТЕ**

Судиите кои постапуваат по кривичната материја ги имаат следните резултати:

**-КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Во 2015 година судијата **Радица Ристеска** решила 150 редовни примени предмети и тоа:123 кривични предмети против полнолетни лица, постапувала по 16 определени дејствија во претходна постапка, 10 оценки на обвинителен акт, решила 1 КС предмет.

Исто така решила и 27 повторно заведени предмети и тоа: 27 кривични предмети против полнолетни лица.

Во 2015 година судијата **Весна Кичеец** решила 1782 редовни примени предмети и тоа: 106 кривични предмети против полнолетни лица, 6 кривични предмети против малолетници, постапувала по 31 определени дејствија во претходна постапка, 2 оценки на обвинителен акт, 14 КС предмети , решила 35 прекршочни предмети, 333 разни прекршочни предмети, 1255 разни кривични предмети.

Исто така решила и 19 повторно заведени предмети и тоа: 19 кривични предмети против полнолетни лица.

Во 2015 година судијата **Билјана Белевска Пројковска** за 7,5 месеци, бидејќи користи породилно боледување, решила 1010 редовни примени предмети и тоа: 63 кривични предмети против полнолетни лица, постапувала по 12 определени дејствија во претходна постапка, решила 5 КС предмети, 20 КУИКП предмети, постапувала по 429 ИСАМ, 438 ИПРК предмети, 4 прекини на издржување на казна , 30 ИОИП предемти, 9 ИКП.

Исто така решила и 2 повторно заведени предмети и тоа: 2 кривични предмети против полнолетни лица.

Во 2015 година судијата **Бојан Мартиноски** решил 2532 редовни примени предмети и тоа: 91 кривични предмети против полнолетни лица, постапувала по 16 определени дејствија во претходна постапка, оценки на обвинителен акт, 84 КУИКП предмети, постапувала по 1151 ИСАМ, 1003 ИПРК предмети, 1 прекини на издржување на казна , 86 ИОИП предемти, 98 ИКП.

Исто така решила и 31 повторно заведени предмети и тоа: 30 кривични предмети против полнолетни лица и 1 КС предмет.

**-ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ**

Во 2015 година судијата **Јагода Трпеска** решила 986 редовни примени предмети и тоа: 961 прекршочни предмети, постапувала по 15 определени дејствија во претходна постапка, 1 оценка на обвинителен акт и 9 КС предмети.

Исто така решила и 67 повторно заведени кривичени предмети и тоа: 2 предмети против полнолетни лица и 65 прекршочни предмети.

Во 2015 година судијата **Зумбуле Даути** решила 780 редовни примени предмети и тоа: 765 прекршочни предмети, постапувала по 10 определени дејствија во претходна постапка, 5 КС предмети.

Исто така решила и 120 повторно заведени кривичени предмети и тоа: 120 прекршочни предмети.

Во 2015 година судијата **Милка Танеска** решила 997 редовни примени предмети и тоа: постапувала по 274 определени дејствија во претходна постапка, 11 оценка на обвинителен акт, 12 КС предмети, 156 разни кривични предмети, 309прекршочни предмети, 70 разни прекршочни предмети, 46 ЗАМ, 105 ЗАВ, 1 кривично полнолетни, 4 СУ предмети и 1 кривичен совет за прекршоци

Исто така решила и 7 повторно заведени предмети: 1 определени дејствија во претходна постапка, 3 кривични предмети против полнолетни и 2 прекршочни предмети.

**-ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Судијата **Владо Крлески** во текот на 2015 година решил 368 редовни примени предмети и тоа: 1 имотни спорови, 37 спорови од мала вредност, 42 трговски спорови, 179 стечајни предмети, 39 разни ВПП предмети, 66 платни налози по приговор, 3 облигациони спорови и 1 семејни спорови.

Исто така решил и 29 повторно заведени предмети и тоа: 21 трговски спорови и 8 парнични мала вредност.

Судијата **Вулнет Винца** во текот на 2015 година решил 704 редовни примени предмети и тоа: 34 физичка делба, 128 оставина, 20 оставина по приговор, 278 разни ВПП, 11 ЗАВ, 216 вонпарнични предмети ВПП, 16 ЗАМ, 1 облигациони предмети.

Исто така решил и 64 повторно заведени предмети и тоа: 34 вонпарнични ВПП предмети, 2 имотни спорови, 11 оставина по приговор и 17 предмет од физичка делба.

Судијата **Трајче Скрчески** во текот на 2015 година решил 326 редовни примени предмети и тоа: 83 имотни спорови, 37 спорови од мала вредност, 39 платни налози по приговор, 19 семејни спорови, 42 облигациони спорови, 12 разни ВПП, 1 физичка делба, 1 СТ , 86 вонпарнични предмети (ВПП) , 6 ПИ.

Исто така решил и 65 повторно заведени предмети и тоа: 41 имотни спорови, 5 спорови од мала вредност, 5 платни налози по приговор, 1 семејни спорови, 1 облигациони спорови, 7 разни ВПП, 5 Вонпарнични предмети (ВПП).

Судијата **Ристо Силјаноски** во текот на 2015 година решил 246 редовни примени предмети и тоа: 73 имотни спорови, 29 спорови од мала вредност, 5 платни налози по приговор, 17 семејни спорови, 24 облигациони спорови, 44 разнии ВПП, 27 Вонпарнични предмети (ВПП), 26 ЗАВ и 1 ТС.

Исто така решил и 23 повторно заведени предмети и тоа: 16 имотни спорови, 4 спорови од мала вредност, 4 платни налози по приговор, 1 облигациони спорови и 1 семејни спорови.

Судијата **Ирена Петреска** за 4 месеци во текот на 2015 година решила 94 редовни примени предмети и тоа: 31 имотни спорови, 24 спорови од мала вредност, 8 платни налози по приговор, 12 семејни спорови, 19 облигациони спорови.

Исто така решила и 12 повторно заведени предмети и тоа: 6 имотни спорови, 3 спорови од мала вредност, 1 платни налози по приговор, 2 облигациони спорови.

Судијата **Владо Дејаноски** во текот на 2015 година решил 244 редовни примени предмети и тоа: 62 имотни спорови, 44 спорови од мала вредност, 43 платни налози по приговор, 19 семејни спорови, 40 облигациони спорови, 36 ВПП.

Исто така решил и 32 повторно заведени предмети и тоа: 10 имотни спорови, 7 спорови од мала вредност, 2 платни налози по приговор , 9 облигациони спорови и 4 ВПП.

Судијата **Богоја Стрезоски** во текот на 2015 година решил 289 редовни примени предмети и тоа: 73 имотни спорови, 54 спорови од мала вредност, 53 платни налози по приговор, 25 семејни спорови, 54 облигациони спорови, 3 работни спорови и 27 ВПП предмети.

Исто така решил и 25 повторно заведени предмети и тоа: 8 имотни спорови, 7 спорови од мала вредност, 7 облигациони спорови, 2 платни налози по приговор и 1 ВПП.

Судијата **Ефтим Попески** во текот на 2015 година решил 241 редовни примени предмети и тоа: 41 имотни спорови, 34 спорови од мала вредност, 55 платни налози по приговор, 16 семејни спорови, 29 облигациони спорови, 38 ВПП, 27 кривични полнолетни, 1 ПРК предмет.

Исто така решил и 2 повторно заведени предмети и тоа: 1 имотни спорови, 1 спорови од мала вредност.

Судијата **Снежана Јаневска** во текот на 2015 година решила 618 редовни примени предмети и тоа: 326 работни спорови, 6 имотни спорови, 128 вонпарнични предмети, 118 оставина, 6 оставина по приговор, 5 разни ВПП, 23 физичка делба, 1 платни налози по приговор, 2 облигациони спорови, 2 парнични мала вредност и 1 ЗАВ .

Исто така решила и 19 повторно заведени предмети и тоа: 15 предмети од работни спорови, 3 имотни спорови и 1 предмет за физичка делба.

## -РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Во 2015 година претседателот на судот **Милчо Клишески** вкупно постапувал по 3763 предмети и тоа: 402 КС предмети, 631 СУ предмети, 1 УОПК, 1 определени дејствија во претходна постапка, 457 ППНИ и 2 евиденција на претставки и поплаки, 1405 Разни кривични предмети, 854 ЗАВ , 5 ДОВ СУ, 5 предмети од кривичен совет за прекршоци.

Во тековната година одржани се 24 седници на  кои се разгледувани прашања за организирање на работата и разрешување на тековните проблеми во работењето.

На секој стручен колегиум, како точка на дневен ред се разгледувани прашањата за старите нерешени предмети и тоа еднаш месечно, за кои предмети секој судија поединечно доставува месечен писмен извештај до претседателот на судот за секој нерешен предмет, причините и превземените активности за решавањето на предметите, а примерок од овие извештаи редовно се доставуваат до Претседателот на Апелациониот суд Битола.

Во текот  на 2015 година повеќе пати беа одржувани состаноци на ниво на Апелациониот суд Битола и тоа сите претседатели на основните судови со претседателот на Апелациониот суд Битола на кој состаноци се разгледувани прашања  кои се во надлежност на работата на судовите, проблемите кои произлегуваат во текот на работењето и се предлагани решенија и  мерки за нивно надминување, на кои состаноци посебен акцент се ставаше на старите нерешени предмети со конкретни предлози за нивно решавање.

Одржани се неколку состаноци со претставниците на Адвокатската комора од Охрид, извршителите и нотарите именувани за подрачјето на овој суд на кои се разгледувани начините за унапредување на соработката со нив и надминување на тековните проблеми.

Одржани се состаноци и со Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство околу заедничкото функционирање бидејќи истите се сместени во зградата на судот.

Извршените работи се  превземени како претседател на судот и претседател на Кривичен совет.

## -УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Основниот суд Охрид во остварување на својата функција се соочува со материјални и финансиски проблеми односно заради немање на средства судот не располага со неопходни  законски прописи во доволен број,  не се исплатуваат редовно надоместоците на судиите поротници и адвокатите поставени како бранители по службена должност во кривичната постапка нема средства за благовремено извршување на вештачењата, а добар дел од тие што се завршени не се исплатени.

Напоменуваме дека судот има неизмирени обврски за потрошени: вода, електрична енергија, телефони, поштенски услуги, нафта за греење, тонери, хартија за печатење и за печатени обрасци. За сите неподмирени обврски кои ги има судот редовно секој месец писмено се известува Судскиот буџетски совет .

Во 2015 година на Основниот суд Охрид на име капитални инвестиции не му беа одобрени парични средства.

Во текот на 2015 година судот работеше со четири судии помалку: еден поради пензионирање. Тројца судии поради боледување и тоа:  поради користење на породилно боледување  отсуствуваше еден судија во времетраење од четири

месеци, а другиот осум месеци, додека во текот на целата година отсуствуваше уште еден судија поради здравствени причини.

## -РАБОТАТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ

Во однос на квалитетот како целина во судот може да се каже дека резултатите се задоволителни, а за постигнување на подобри резултати потребно е да се обрне внимание на квалитетот на решавањето на предметите, при што битен фактор за подобрувањето на квалитетот претставува и работата на Апелациониот суд Битола, со воедначување на судската практика.

Секако дека во однос на квалитетот на решените предмети големо влијание има и фактот што постоеше зголемување на ангажираноста на судиите во решавањето на предметите што резултира со надминување на ориентационата норма, а и фактот што во текот на цела 2014 година се обрати особено внимание на решавање на старите нерешени предмети кои што се драстично намалени.

Бројот на старите нерешени предмети изнесува 432 заклучно со 2013 година од вкупно нерешените 6.076 предмети. Кога ќе се земе структурата произлегува дека старите нерешени предмети изнесуваат 7,1% од вкупниот број на нерешени предмети.

За постигнување на подобри резултати секако е потребно да се заложи Министерството за правда и Судскиот буџетски совет, со обезбедување на финансиски средства за пополнување на извршителите предвидени во Систематизацијата и подмирување на долговите, како и поголемо ангажирање на судиите во решавањето на старите нерешени предмети.

Судијата за да го зачува својот статус покрај другото потребен е и соодветен материјален надоместок за вложениот труд, а исто така и за останатите вработени во судот со оглед да извршувањето на работните обврски е во тесна соработка со вработените во судот.

## -ПРЕДЛОЗИ И МЕРКИ

Да се обезбедат средства за вештачење во кривичните предмети (обдукции и др.) а надоместоците за истите да се плаќаат преку Судскиот буџетски совет како и средства за редовна исплата на вештаците, бранителите поставени по службена должност, судиите поротници и за нормално тековно работење на судот.

Да се обезбедат средства за уште една цистерна за нафта, промена на кровна конструкција, набавка на компјутери и печатари во доволен број, набавување на стручна литература за библиотеката, униформи и друга потребна опрема за судската полиција, бидејќи униформите до сега од 1997 година воопшто не се сменети.

Разрешување на просторниот проблем кој се провлекува во овој суд многу години наназад, бидејќи во зградата на судот се сместени и Државното Правобранителство Охрид и Основното Јавно Обвинителство Охрид така што кабинетите на судиите се разместени по целиот суд и не е можно истите да бидат сместени на еден спрат што секако има влијание и врз безбедноста поради што овој

предлог нека служи и како барање до надлежните да ДП на РМ Охрид и ОЈО Охрид бидат иселени од судската зграда и сместени во за нив соодветни простории.

На крајот од извештајот би истакнале дека потребно е од сите извршители да се вложат напори за постигнување на уште подобри резултати во наредната година.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Основниот суд Охрид 2015 година ја заврши со вкупно 101 вработен од кои 17 судии и претседател на судот.

Како најприоритетни вработувања во судот кои треба да се пополнат, се следните работни места: Раководни судски службеници - 2 извршители, Информатичар - 1 извршител, Дактилографи 1 - извршител, Сметководител- 1 извршител и оператор на телефонска централа 1- извршител.

Обуките на вработените се реализираат согласно распоредот изработен од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и истите имаат позитивен ефект во подобрување на квалитетот на работење, посебно во разрешување на одредени правни прашања.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Во Основен суд Охрид се врши редовна анализа на судската пракса а со цел унапредување на правната мисла и тоа на ниво на судот и поединечно на ниво на оддели кои работат во состав на овој суд.

Во смисла на подобра унификација и хармонизирање на судската пракса на апелациското подрачје Битола, а заради подигање на степенот на правна сигурност и еднаквост на странките во постапките кои се водат пред овој суд, редовно секој месец и тоа до 5-ти во месецот се одржува Седница на судиите на Основен суд Охрид на која покрај разгледување на месечните извештаи за работата на секој судија поединечно и на судот како целина, како и разгледувањето на состојбата со стари нерешени предмети се води дискусија помеѓу судиите за унификација на судската пракса.

Дискусиите кои се водат на одржаните месечни седници на судии се состојат во разгледување на поединечни предмети и одлуки на овој суд и Апелациониот суд Битола и заземање на мислења и ставови за постапувањето и одлучувањето.

Редовно еднаш месечно а доколку се јави потреба во оваа смисла се одржуваат и повеќе пати состаноци на кривичен и граѓански оддел на овој суд на кои состаноци се разгледуваат правни прашање врз основа на што се носат заклучоци и ставови кои редовно доколку има потреба се доставуваат со барање за заземање на став до одделите во Апелационен суд Битола повторно со цел усогласување на судската пракса. Историемено на овие состаноци сите судии од страна на

Претседателот на судот и претседателите на одделите се запознаваат со донесени заклучоци за заземени ставови и мислења од страна на Апелациониот суд Битола и сите одржани работни средби.

Треба да се напомене дека усогласувањето на судската пракса на овој суд и одделите кои работат во состав на истиот е олеснето со оглед дека со измените кои се воведуваат во судскиот систем, судиите сега имаат пристап до јавно објавените одлуки на сите судови во државата, ќе имаат достапност до дата базата за судска пракса на Врховен суд на РМ како и публикациите од пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права што обезбедува и ќе го зголеми степенот на усогласеност на судската пракса и единство во примената на законите за што континуирано се води сметка Основен суд Охрид.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во 2015 година во канцеларијата за односи со јавност беа примени и одговорени 3 барања. Барањата кои што беа примени во канцеларијата најчесто се однесуваа на давање на статистички податоци од работата на судот.

На WEB страната на судот во текот на 2015 година се објавени 1655 анонимизирани одлуки. Бројот на анонимизираните одлуки во многу зависи од информатичката опрема (квалитет на компјутери) како и од дизајнот на Web страната и брзината на интернет врската.. Имено судот се соочува со стари компјутери кои бараат подолго време од вообичаеното за објавување на одлуките.

На WEB страната редовно се објавува календарот на судења како и други актуелни соопштенија поврзани со работата на судот.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**Персонални компјутери** - Во Основниот суд Охрид моментално има 92 персонални компјутери. Според карактеристиките и старосната состојба на опремата може да се заклучи дека во голем дел истата не ги исполнува основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените. Заради надминување на овој проблем неопходна е замена на постоечките дотраени компјутери и компјутери со несоодветни карактеристики со компјутери кои ќе ги исполнуваат потребните стандарди за работа. Факт е дека дел од судиите, сите стручни соработници, административните работници во шалтер салата и судниците располагаат со несоодветни компјутери. За да се надмине овој проблем потребни се минимум 47 персонални компјутери.

**Печатари** - Печатарите се доста стари со завиден век на траење. Со набавка на 15 локални и 2 мрежни печатари и со извесна прераспределба на постоечките состојбата во судот значително би се подобрила.

**Состојба со сервери-** Моментално располагаме со сервер од типот Fujitsu, и засега ги задоволува потребите во однос на работењето во нашиот суд.

**Состојба со компјутерската мрежа -**Моменталната состојба со мрежната опрема ги задоволува постоечките потреби, меѓутоа ако се набават нови компјутери сметаме дека ќе има потреба од дополнителни свичеви.

**Апликации и активности** -Во судот активно работи АКМИС апликацијата која редовно се ажурира и континуирано се врши обука за измените и новините кои се воведуваат.

Во 4 судници воведено е тонско снимање на граѓанските предмети преку FEMIDA апликацијата истото се спроведува согласно судскиот деловник .

Се спроведува и првата фаза за електронска достава на поднесоци до странките.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Судот располага со две службени возила кои се во дотраена состојба и нивната употреба претставува ризик на вработените кои ги користат истите. Потребно е обновување на возниот парк со квалитетни и економични возила.

Во однос на безбедноста на предметите во судот треба да се каже дека за задоволување на потребите за архивирање потребно е да се обезбеди уште една просторија.

За безбедноста на вработените и странките се грижи судската полиција која е присутна во судот 24 часа. Судската зграда е обезбедена и со видео надзор како и со картички за евиденција на пристап во судските простории освен во просториите кои се наменети за странки (шалтер сала, судници и сл.)

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ

Во текот на 2015 година спроведени се 3 јавни набавки и тоа:

- **Екстра лесно гориво за греење** со износ на договорот од 978.813,00 денари склучен со фирмата ДПТУ “Моби Петрол“ ДООЕЛ од Охрид.
- **Печатен материјал и пликови**
    - I -дел Печатен материјал со износ на договорот од 120.000,00 денари склучен со фирмата ДПТУ “Летра Дизајн“ ДООЕЛ од Охрид.
    - II - дел Пликови со износ на договорот од 98.000,00 денари склучен со фирмата ДПТУ “Астиг Трејд“ ДООЕЛ од Битола.

- **Компатибилни тонери и ленти за Backup и чистење**
    - I - дел Компатибилни тонери: износ на договорот од 143.188,00 денари со фирмата “Биротехника МА“ ДОО од Скопје.
    - II - дел Ленти за Backup и чистење : износ на договорот од 17.000,00 денари со фирмата “Доајен дата системи“ Мирослав ДООЕЛ експорт импорт од Скопје.

**СУ БР. 01-4/2016**
**12.02.2016 год.**

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**МИЛЧО КЛИШЕСКИ с.р.**